**Инструкции за употреба и ракување со Recormon®**

*Најпрвин измијте ги рацете!*

1. извадете еден шприц од пакувањето и проверете дали растворот е бистар, безбоен и без видливи партикули. Извадете го капачето на шприцот.

2. извадете една игла од пакувањето, фиксирајте ја на шприцот и тргнете ја заштитната капа од иглата.

3. истиснете го воздухот од шприцот и иглата, така што ќе го исправите шприцот вертикално и внимателно ќе го притиснете клипот на шприцот нагоре се додека не се појави течност на врвот од иглата.

4. дезинфицирајте ја кожата на местото на инјектирање со вата натопена во алкохол. Прилагодете го местото за аплицирање на кожата со благо штипкање на кожата помеѓу палецот и показалецот. Држете го цилиндерот на шприцот блиску до иглата и внесете ја иглата во кожата брзо и сигурно. Инјектирајте го растворот на Рекормон. Извадете ја иглата брзо и притиснете го малку местото на инјектирање со сува, стерилна вата.

Секој неупотреблив препарат и отпаден материјал треба да биде складиран согласно со локалните барања.